Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-494/1
16-02-2023 20
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи

**Полугодишен извештај за работа**
**на Совет за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи**
**за јули/декември 2022 година**

*ВОВЕД*

Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи и во вториот извештаен период работеше во состав и тоа:

1. **д-р Лазар Нанев**, Претседател на Основниот суд Кавадарци, Претседател на Советот за ИКТ
2. **д-р Гордана Лажетиќ**, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Заменик претседател на Советот за ИКТ
3. **Фросина Тасевска**, државен советник, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
4. **Александра Вуковиќ**, Секретаријат за европски прашања, член на Советот за ИКТ
5. **Михајло Војтикив**, информатичар, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
6. **Весна Бојаџиевска**, Раководител на служба за информатика, Врховен суд на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
7. **Лорета Горгиева**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ.
8. **Миљазим Мустафа**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ

9. **м-р Фатиме Фетаи**, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје, член на Советот за ИКТ

10. **Трајче Пеливанов**, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, член на Советот за ИКТ

11. **Ирена Димовска**, советник, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и член на Советот за ИКТ

12. **Катерина Мишковска**, помлад соработник за ИТ служба, Совет на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, член на советот за ИКТ

Секретар на советот е Ирена Шекуткоска Јанакиевска, советник во Министерството за правда.

Согласно член 23 од Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за: бројот на одржани седници, донесени одлуки, реализирани активности и други податоци од својот делокруг на работа.

### *1.1. Број на одржани седници*

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на полугодишниот извештај одржа шест седници и тоа:

- тринаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 20.07.2022 година,
- четиринаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 31.08.2022 година,
- петнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржана 30.09.2022 година,
- шеснаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 31.10.2022 година,
- седумнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 25.11.2022 година.
- осумнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 20.12.2022 година.

#### *1.1.1. Донесени заклучоци*

А. На тринаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 20.07.2022 година, се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Разгледан и усвоен е текстот на Анекс 1 на Договорот за соработка и размена на податоците во електронска форма доставен од МВР, со констатација да се достави до министерот за правда со цел да се пристапи кон потпишување на истиот. Исто така, заклучено е описот на сервисите содржан во анексот, да биде искористен како модел за сите останати органи и институции.

2. Разгледани се предлог насоките за подготовка на предлози на закони заради дигитализација, при што Никола Прокопенко државен советник во Министерството за правда наведе дека од огромна важност е предлог-насоките кои се зададени да бидат разгледани од работните групи кои работат на изготвување на закони со цел да биде направено нивно прилагодување, согласно спецификите на секој закон и е заклучено да биде изготвен допис до кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, со кој ќе биде известен дека насоките ќе бидат доставени до секоја работна група со цел да бидат разгледани и инкорпорирани соодветно во секој закон посебно, согласно потребите и видот на материјата која се регулира.

3. Разгледани се препораките од кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, при што советот утврди дека наведените процеси веќе се во тек и во таа насока донесе заклучок да биде изготвен допис со кој заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење ќе биде информиран за текот на овие процеси.

4. Од страна на заменик претседателката на советот за ИКТ, проф.д-р Гордана Лажетиќ, во однос на ажурирањето на податоците во обрасците на ДЗС кои беа разгледани на минатата седица, членовите се известени дека ажурирањето ќе биде направено тогаш кога Законот за правда на децата ќе биде во финална процедура и ќе биде изготвен посебен образец за деца жртви. Исто така, донесен е заклучок да се изготви допис до ДЗР и УНИЦЕФ со кој ќе бидат информирани дека потребно е Законот за правда на децата да биде донесе, со напомена дека истовремено ќе биде изготвен посебен образец за деца жртви.

5. Од страна на Славица Жерајиќ раководител на одделение во Министерството за правда, пред членовите на советот на ИКТ беше презентиран начинот на подготовка на правилниците кои претходно беа доставени до сите членови на разгледување. Станува збор за Правилниците за содржината и начинот за прибирање на податоци за родово базираното насилство врз жените и семејното насилство во судовите и обвинителствата.
   Адвокат Наташа Бошковска, потенцираше дека идејата со самото усвојувањето на овие правилници, е да се овозможи електронско прибирање на податоци врз основа на кои на годишно ниво ќе може да се изготвуваат анализи за повеќе форми на насилство. Во склоп на овие правилници изготвен е образец со

податоци кои треба да ги собираат судовите и обвинителствата, а кои ќе бидат обработувани од страна на Министерството за труд и социјална политика. Претседателот Нанев во однос на оваа точка потенцираше дека потребно е да се утврди колку би изнесувале финансиски трошоци за изготвување и пуштање во функција на ваков систем за прибирање на податоци.

6. Разговарано е за потребата за поднесување предлог буџет за 2023 од страна на судовите и обвинителствата. Во таа насока се утврди потребата да се достави предлог до Судскиот буџетски совет за издвојување на одредени средства за ИКТ и за дел од судниците во кои треба да биде инсталирана опрема, а имаат потреба од ентериерно уредување и изведување на градежни активности. Констатирано е дека сето тоа е во насока на активностите на Амбасадата на САД за дигитализација на судниците.

7. По успешно организираниот Европски самит за дигитализација во Охрид и започнување на подготовки за наредната 2023 година проф. Д-р Гордана Лажетиќ информираше дека процесот е сложен и потребно е подготовките за Самиот за дигитализација 2023 година да започне час поскоро, за да се постигне поголема организираност и навремено да бидат преземени сите обврски потребни за одржување на еден ваков настан. Направени се првичните чекори за организација на настанот на кој ќе има претставници од поголем број држави и истиот ќе се одржи во јуни 2023 година.

8. Во врска со процесот на интероперабилност, задолжените членови на советот за ИКТ по институции го известија советот и тоа:

- Миљазим Мустафа извести дека договорите со сите институции од неговата група се комплетирани и се чека утврдување на датумот за потпишување.
- Лорета Горгиева извести дека е во постојана комуникација со ПИОМ разменети се барања во однос на услугите и моментално се во фаза на финализирање. Со АВРМ нема некој поголем напредок, споделена ќе биде со сите членови верзија на договорот која е добиена од Агенцијата.
- Трајче Пеливанов извести дека договорите со МВР и АНБ се спремни потребно е финализирање на договорот со МО.
- Катерина Мишковска напомена дека договорот со ДКСК е спремен, а за договорите со останатите институции кои и беа доделени е во контакт.

9. Разгледана е информацијата за активностите со Амбасадата на САД, при што од страна на претседателот Нанев беше споделена информација дека во насока на опремувањето на судниците завршен е скринингот на сите 34 судови, направен е преглед на сите 186 судници. 86 судници ги исполнуваат условите за инсталирање на опремата додека за останатите во кои е потребно да се направи ентериерно уредување, потребно е да се обезбедат финансиски средства. Освен сите судници со најсовремена опрема ќе бидат опремени и другите канцеларии

во судовите. За се тоа да биде реализирано потребно е Советот за ИКТ да обезбеди писмени гаранции за Амбасадата, како што се :

1.Број на судии по судови според систематизација и бројот на судии кои се моментално активни, за да може да се обезбедат лиценци.

2.Во однос на тоа како и на кој начин ќе биде обезбедена одржливоста на опремата, за што даден е предлог од Амбасадата на САД да обезбеди одржливост за наредните три години со тоа што соодветно ќе бидат намалени финансиските средства за онолку судници колку што ќе изнесува одржувањето.

3.Во однос на капацитетите на човековите ресурси потребна е гаранција за оваа и наредната година, за што треба да бидат вработени 68 информатичари и техничари и 70 до 80 стручни соработници за кои ќе се спроведува континуирана обука преку Академија за судии и јавни обвинители.

Исто така, доставено е барање за одржување состанок со Премерот на Владата на РСМ, министерот за правда и министерот за финансии на која ќе биде презентирано барањето и ќе биде утврден начинот на обезбедување на бараните писмени гаранции. До крајот на септември техничката спецификација ќе биде комплетна.

10. Заменик претседателката на советот за ИКТ проф.д-р Гордана Лажетиќ, во однос на состојбата со обвинителствата извести за одржан состанок со претставници од Британската Амбасада кои се спремни да дадат поддршка, а се однесува на софтверско решение за поврзување со **case management system**, кое е предвидено во функционалната анализа за јавните обвинителства. Со оглед на тоа дека постои ваква можност за донација претседателот ја утврди потребата од одржување на состанок со Советот на јавните обвинители и следење на целиот процес од страна на Советот за ИКТ.

11. Ана Новакова Жикова од ОБСЕ во однос на процесот за опремување на 5-те пилот судници кој е комплетно завршен, предложи во септември 2022 година да биде одржан настан во Основниот кривичен суд Скопје, на начин како што беше промовирана судницата во Кавадарци со цел заокружување на целокупниот процес, за што се согласија сите присутни членови.

Б. На четиринаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 31.08.2022 година, се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Претседателот д-р Лазар Нанев ги извести членовите на советот за одржана средба во Владата на РСМ со заменик претседателката Лажетиќ, министерот за правда проф.д-р Никола Тупанчески и со премиерот на Владата на РСМ Димитар Ковачевски. На состанокот било разговарано за дигиталната

трансформација во правосудството, како и обезбедување на писмена поддршка за имплементација на проектот на Амбасадата на САД кој се однесува на опремување на 168 судници. Имено, станува збор за обврска која е преземена и произлегува од активностите преземени од Амбасадата на САД, за кои потребно е обезбедување на писмената гаранција од Владата на РСМ по однос на следните прашања и тоа:

Писмена гаранција по однос на одржливоста на опремата.

На средбата Премиерот Ковачевски беше информиран дека е изготвена техничката спецификација за сите 186 судници која на 31.08.2022 година е доставена и истата ќе биде споделена со сите членови на разгледување. Во однос на предлогот на Амбасадата на САД, кој се однесува на изборот на моделот за одржливост на опремата која ќе биде обезбедена во судниците, а кој беше претставен пред членовите на Советот на минатата седница, претседателот Нанев наведе дека се јавува потребата од постоење на едно тело кое би давало помош во случај на појава на проблем при користење на опремата.

Во однос на ова прашање дадени се три предлози:

1.Формирање на посебен оддел или help center so ИТ лица

2.Да се обезбедат од страна на државата финансиски средства за ангажирање на локална ИТ компанија за одржување на опремата или

3. Да се намали бројот на судниците кои ќе се опремуваат во износ на финансиските средства потребни за одржување на опремата во временски период од три години, период во кој државата е потребно да обезбеди самостојно одржување на опремата по истекот на трите години.

По разгледување на горенаведените предлози, Советот донесе заклучок дека третиот предлог е најприфатлив.

Зајакнување на капацитетите во однос на човечките ресурси.

Заради потребите на процесот на дигитална трансформација во правосудството Владата на Република Северна Македонија потребно е да обезбеди финансиски средства во периодот 2022-2024 година, во сите 34 судови да се вработат вкупно 64 ИТ или техничари и 64 стручни соработници и тоа:

- по две лица – еден ИТ и еден техничар,
- по двајца стручни соработници во судовите.

Обезбедување и пренамена на финансиски средства од буџетската сметка и од сметката за сопствени приходи на судовите. Владата на Република Северна Македонија неопходно е потребно да обезбеди буџетски средства за изведување градежни активности и обезбедување на ентериерна опрема за 100 судници (во просек по 18.000 евра по судница), односно вкупен износ од 1.800.000 евра во периодот октомври 2022 – 2023 година. Министерството за финансии е потребно да овозможи пренамена на средствата со коишто располага Судско буџетскиот совет, како резултат на што 800.000 евра ќе бидат искористени за истата намена - градежни активности и обезбедување на ентериерна опрема.

Од Буџетот на Република Северна Македонија потребно е финансиски средства во износ од 50.000 евра на годишно ниво со цел замена на амортизираната опрема во судовите.

Исто така, за реализација на процесите на дигитална трансформација потребно е обезбедување финансиски средства за Судско буџетскиот совет и тоа:

- 150.000 евра - за дигитална трансформација на процесите во судството, а кои се однесува на издавање на уверение од казнената евиденција за физички и правни лица, уверение за деловна способност, уверение за кривична евиденција за физички и правни лица, уверенија дека не е одземено родителско право, уверение за забрана за вршење професија, дејност или должност, уверение за склучување на брак и издавање на изводи од матичните книги (родени, венчани, починати), уверение за признавање татковство, како и на другите дигитални услуги вкупно 29, а што произлегува од Препораките мапирани од Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик претседател на Владата задолжен за политики за добро владеење, арх.бр. 56-5820/1 од 07.07.2022 година.
- 50.000 евра - за дигитализација на подзаконските акти и на образецот за прибирање на податоци за случаите на родово базирано насилство и семејното насилство во судовите со цел имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. За ова е неопходно потребно е Република Северна Македонија да обезбеди дополнителни финансиски средства со цел доследно имплементирање на Истанбулската конвенција за заштита на жените од насилство.
- 10.000 евра – за дигитализирање на обрасците за прибирање на податоци во Државниот завод за статистика, коишто ќе бидат ажурирани согласно новиот Закон за правда за децата, со посебен акцент врз децата жртви.

Во насока на поголема ефикасност на процесот на интероперабилност напорите на Советот за ИКТ и Министерството за правда на Република Северна Македонија резултираа со потпишување на Договори за размена на податоци и информации со креирање на веб сервиси и тоа досега со 9 државни органи, а во тек е изработка на вакви договори со уште 6 државни органи, од вкупно таргетирани 30 државни органи, може да се констатира дека нивната имплементација се одвива многу бавно.

Со цел поголема ефикасност на овој процес потребно е:

- Владата на РСМ да ги задолжи државните органи во периодот од три до шест месеци, почнувајќи од октомври 2022 година, да ги креираат веб сервисите кои ќе овозможат пристапност до електронските услуги помеѓу самите државни органи и непречена размена на податоци;
- Обезбедување износ од 30.000 евра за креирање на веб сервисите од страна на судовите;

- Обезбедување износ од 25.000 евра за развивање на мобилна апликација за поврзување на АКМИС системот со странките во судските постапка со што ќе се обезбеди поголема еднаквост пред законот и поголема транспарентност;
- Обезбедување средства во износ од 100.000 евра за ставање во функција на системот за E-delivery со што ќе се реши проблемот со доставата во сите судски постапки и ќе се овозможи двонасочна комуникација во доставување на поднесоците и доказите помеѓу судовите, државните органи и странките

2. Членовите на советот на ИКТ ја разгледаа потребата за итност од дигитализација и дигитална трансформација на Јавното обвинителство на РСМ и Државното правобранителство на РСМ. Со цел унапредување на дигиталните процеси, а заради постигнување на висок степен на ефикасност и ажурност во работењето и непречен пристап до правдата, неопходно е потребно Владата на Република Северна Македонија да обезбеди ресурси за **case management system** во ЈОРСМ и во ДПРСМ, по претходно изготвена анализа и техничка спецификација. Паралелно на овие активности, претседателот извести и за остварен контакт со Швајцарската Амбасада од каде за наредните 5 години предвидуваат финансиска помош за делот корупција и дигиталната трансформација.

3. Разгледана е информацијата за активностите со Судскиот совет на Норвешка, при што претседателот Нанев извести дека во однос на АКМИС системот дефинирани се одредени прашања и ги информира членовите за претстојната средба со делегација на Норвешкиот административен суд која ќе се одржи на 19 и 20.09.2022 година, за која со сите членови во наредните денови ќе биде споделена агенда. Наведе дека ќе бидат одржани поединечни состаноци со членовите на Советот за ИКТ, Министерот за правда, Судскиот совет, Врховниот суд, Основниот кривичен, Основниот граѓански суд Скопје како и со претставници од други проекти како ОБСЕ и Амбасадата на САД. Воедно, по одржувањето на оваа средба следи студиска посета во Осло, Норвешка која ќе биде спроведена од 5-9.10.2022 година.

4. Разгледана е информација за текот на активностите со серверите и ИТ опремата при што Весна Бојаџиевска член на советот на ИКТ извести дека во текот на месец август беше конфигуриран системот за виртуелизација и дека компанијата ќе започне со етапна дистрибуција на опрема, во координација со самите судови. По што ќе следува процесот на миграцијата на апликативните решенија. Тековните активности во овој период се движат според зададената динамика. Членот на советот на КТМ-р Миљазим Мустафа извести дека набавката на опремата (принтери, компјутери и скенери) е при крај и се очекува за брзо време да биде доставена до сите судови.

5. Проф.д-р Гордана Лажетиќ сподели информација дека во текот на 2018-2019 година била изготвена функционална анализа за Јавното обвинителство со поддршка на Британската Амбасада и уште тогаш една од препораките била да се имплементира една платформа која ќе содржи податоци од јавните обвинителства и ќе претставува една менаџерска алатка од која лесно ќе се гледаат сите потребни информации за обвинителствата. Во овој период Британската амбасада сака да го спроведе овој процес и токму поради тоа Советот за ИКТ потребно е да го следи овој проект и да ги поддржи ваквите активности.

6. Ана Новакова Жикова од Мисијата на ОБСЕ извести дека моментално работат на организирање на едночасовен настан во Основниот кривичен суд Скопје со кој и официјално ќе биде заокружен и затворен проектот за опремување на петте пилот судници.

В. На петнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.09.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Разгледана е информацијата за одржаната средба со министерот за финансии.
2. Членовите на Советот на ИКТ известени се дека ИКТ опремата е целосно дистрибуирана до сите судови, со што сите судови добија најсовремена и комплетно иста опрема.
3. Разгледана е информација за инсталирањето на серверската опрема по судовите, при што Весна Бојаџиевска член на советот на ИКТ извести дека извршена е испорака и монтирана е опремата во вкупно 17 судови (класифицирани како тип 1 судови), од среда ќе започне дистрибуцијата за уште 14 судови (тип 2 судови) и се очекува за една недела да заврши дистрибуцијата и во овие судови, по што ќе биде извршена дистрибуција и до Основниот кривичен, Основниот граѓански суд и Апелациониот суд Скопје. Опремата е испорачана и монтирана по што ќе следи фазата за инсталација и миграција. Во предвидениот временски рок постапката ќе биде завршена. Во два основи суда појавен е проблем со струјата, за што ќе бидат известени претседателите на судовите.
4. Претседателот Нанев извести дека подготовките за студиската посета на Норвешката судска администрација во Осло од 5-9 октомври, се завршени и доставена е агенда до членовите кои ќе патуваат.
5. Обвинителот Трајче Пеливанов во контекст на задолжение добиено од состанокот на Советот на министрите за правда и внатрешни работи одржан на 9-10 јуни во Луксембург, околу размената на дигитални информации во случаите на тероризам и предлог за воспоставување на платформа за соработка

за заеднички истражни тимови, ги информираше членовите дека остварен е контакт со Елена Димовска од нашата постојана мисија во Брисел, од каде на оваа тема дополнително ќе ни бидат доставени материјали, по чие добивање со членовите поконкретно ќе бидат споделени информации во врска со оваа идеја на Советот на министри за правда и внатрешни работи.

6. Михајло Војтикив информираше дека во тек се договарањата и преговарањата за склучување на договор за соработка и размена на податоци во електронска форма со Агенцијата за катастар на РСМ. Во таа насока претседателот ги задолжи сите членови до 15 октомври да ги финализираат договорите со сите предвидени институции.
7. Фросина Тасевска по одржаниот објаснувачки скрининг за поглавје 23 "Правосудство и фундаментални права" наведе дека во рамки на ова поглавје во делот за правта на децата поврзан со дигитализација од страна на ЕК во 2021 година е донесена EU strategy on the rights of the child, Ова дополнително ќе биде потребно да се разгледа, и да се земе во предвид при имплементација во нашиот систем.
8. Филип Јанически претставник на амбасадата на САД по електронски пат ги извести членовите на Советот за следното:

- Теренската проценка на постојната ситуација во сите судови и судници во врска со дигитализацијата, финансирана од ИНЛ секцијата при амбасадата на САД е комплетирана. Деталниот извештај и наодите од проценката во моментов се анализираат во Вашингтон и во амбасадата на САД. Претседателот на ИКТ советот Нанев го доби деталниот извештај со проценката.
- Проценката вклучува увид во постојната ситуација, но и потребен хардвер и софтвер за

  1) аудио,

  2) аудио-видео снимање на судски рочишта,

  3) транскрипт од судското рочиште вклучително и во канцеларијата на судијата,

  4) опрема за симултан превод,

  5) опрема заштита на сведоци, и

  6) опрема за изведување на дигитални докази.
- Целта на оваа проценка е да биде патоказ на државата во однос на дигитализацијата на овие области во судството. ИНЛ секцијата т.е. амбасадата на САД нема да ги финансира сите погоре наведени области.
- Дел од евалуацијата во однос на тоа што би финансирале ќе зависи и од тоа на кој начин Владата на Република Северна Македонија ќе учествува во овој проект, вклучително со човечки капитал и финансиски ресурси за одржливост на опремата која би се донирала, како и политичка волја за имплементација на проектот во наведените области, но и волјата за користење на опремата од страна на крајните корисници на опремата-судиите или судовите.

Г. На шеснаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 31.10.2022 година, се

донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Разгледана е Информацијата за преземени активности за ставање во функција на судницата во Идризово. Претседателот Нанев извести за преземени активности за ставање во функција на судницата во Идризово. По одржан состанок на дел од членовите на Советот за ИКТ со министерот за правда и директорот на Управата за извршување на санкциите, договорено е интензивирање на активностите со цел најдоцна до 11 ноември судницата да биде оспособена за работа и пуштена во употреба. Извршен е увид на лице место и констатирано е дека после 5 години не се инсталирани информатичката опрема и останатите делови. Во делот на обезбедување на објектот и хортикултурното уредување, пристапот до судницата не е среден, а за тоа се дадени повеќе од 2 милиони евра. По скенирање на состојбата и дадено задолжување на персоналот да се исчисти и хортикултурно да се уреди просторот во и околу судницата, а се со цел да се инсталира информатичката опрема. Целосно се наместени сите компјутери и телевизори и потребно е да се тестира функционалноста на опремата. Утврдено е дека од страна на претседателот на Основниот кривичен суд до Судскиот совет не е испратено барање за обезбедување финансиски средства за обезбедување на АКМИС систем за судницата.

   Во насока на целосно оспособување на судницата за употреба утврдени се следните чекори за реализација:

   1.Директорот на УИС да биде задолжен за вршење надзор и за преземање на обврските за исполнување на процесот.

   2.Весна Бојаџиевска и Михајло Војтикив се задолжени да ја проверат моменталната состојба во судницата и да утврдат на кој начин ќе се обезбеди АКМИС систем за судницата.

   3.Проф.д-р Гордана Лажетиќ да провери кои измени треба да се воведат во Законот за кривична постапка за да се овозможи функционално користење на судницата.

   4.Претседателот на Основниот кривичен суд да поднесе барање до Судски буџетски совет за обезбедување на дополнителни финансиски средства за одржување на судницата.

2. Членовите на советот за ИКТ споделија Информација за процесот на интероперабилност и креирање на веб – сервиси.

   Михајло Војтикив е задолжен во рок од еден ден во комуникација со ЕДУСОФТ да провери во која фаза е процесот за креирање на веб сервисите, а во таа насока тој извести дека потребно е да се дефинира администратор во Основниот кривичен суд кој би го одобрувал пристапот до веб сервисите кои се поставени.

За што потребно е претседателот на Основниот кривичен суд да поднесе барање до МИОА. Претседателот Нанев зеде обврска со претседателот на Основниот кривичен суд да испратат барање до МИОА. Михајло Војтикив го постави прашањето за АПОСТИЛ печатот и потврдувањето на документите кои се издадени во електронска форма. По дискусијата и изнесените ставови на членовите по однос на ова прашање донесен е заклучок Советот да изготви анализа со цел да се утврдат кои чекори и обврски на полето на ИКТ и на полето на интероперабилност потребно е да се направат за да се стави во функција систем кој би вршел проверка и потврда на електронските документи.

3. Предлог за обезбедување на пристап на судиите до платформата De.Jure. Проф. д-р Лажетиќ ја презентираше платформата која е единствена која содржи над 450.000 пресуди. Наведе дека искуството на судиите од Основниот кривичен суд Скопје и Основниот суд Штип кои веќе ја користат платформата De.Jure покажува дека активно се користи и е исклучително корисна за судиите. Одржана е средба со претседателката на Судскиот совет на оваа тема и утврдено е на иницијатива на Советот за ИКТ прво да се утврди кои судии имаат пристап до оваа платформа, нивниот број, а потоа да се утврди бројот на останатите судии кои треба да се поврзат на истата. Со оглед на тоа дека има заинтересираност за користење на платформата и од страна на обвинителите, предложи Советот со допис за нивно приклучување да се обрати и до Советот на јавните обвинители. Потенцираше дека Судскиот совет и неговите членови се заинтересирани за поврзување и користење на услугите на оваа платформа. Заклучок: Да се изготви анализа за состојбата во сите судови и обвинителства да се утврди бројот на лиценци за судии и стручни соработници кои би се поврзале на платформата и да се достави писмено барање до Судскиот буџетски совет за одобрување на финансиски средства за поврзување.

4. Катерина Мишковска извести дека буџетот на Советот на јавните обвинители е намален што претставува проблем Советот и обвинителствата и да ги следат во чекор промените кои се носат.

5. Ирена Димовска побара накратко да биде пренесено искуството од студиската посета во Осло и придобивките од истата. Претседателот Нанев извести дека огромно е задоволството да се види начинот на функционирање на правниот и информатичкиот систем во Норвешка. Станува збор за сосема различни системи, во делот на функционирањето и во делот на довербата на правосудството. Со материјалните и сите други услови кои ги нуди нивниот систем, особено во поглед на АКМИС системот искуствата кои беа споделени се од огромно значење, а врз основа на кои, може да се каже дека нашиот АКМИС систем е навистина добар и потребно е само надоградување на мал број перформанси. Во однос на бројот на предмети на годишно ниво имаат околу 25 предмети, до повисоките судови многу малку предмети се движат во текот на

годината. Потенцираше дека во делот на одредени активности заедно со министерот за правда се финализира процесот во поглед на потпишување и имплементирање на договорот за соработка со Норвешката администрација, за што дополнително ќе бидат известени членовите на Советот.

**Д. На седумнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 25.11.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:**

1. Разгледана е информацијата за функционирањето и потребата за надградба, инсталација и конфигурација на Femida True Records во судовите во РСМ, со предлог барање до Судскиот буџетски совет. Имено до Советот за ИКТ од страна на судовите доставена е информација за нефункционирањето на Femida системот, особено во граѓанските постапки, поради истекувањето на лиценцата на Femida системот кој овозможува аудио снимање на постапките, како и поради тоа што фирмата која што го инсталирала и одржувала системот веќе не постои и истите немаат каде да се обратат за надградба, реинсталирање и ставање во функција на системот. Според податоците со кои советот ИКТ располага со поддршка на УСАИД во 2011 година во сите судови вкупно биле инсталирани 80 системи во 80 судници, во 2019 година 23 во Кривичниот суд Скопје, а во 2020 година во Основниот суд Тетово и еден во Апелациониот суд Скопје. Со оглед на застарената хардверска опрема и конфигурација и поради неможноста да побараат судовите надградба на системот, Советот за ИКТ до локалните ИТ компании се обрати со барање за информации по што добиена е информација и понуда за надградба, инсталација и конфигурација на постоечкиот Femida систем од страна на локална компанија. Поради тоа, во однос на оваа точка Советот донесе **заклучок** до Судски-буџетски совет да се достави Барање за обезбедување на финансиски средства за надградба, инсталација и конфигурација на Femida true records системот во судовите во РСМ, како и да се обезбедат финансиски средства за 5-те кривични судници во кои како дел од обврската за сопствено учество е предвидено инсталирање на систем за аудио визуелно снимање.

2. Разгледана е Информација за функционалноста на ИТ опремата во Јавните обвинителства во РСМ и Фемида системот, при што констатирано е дека согласно оперативниот план за дигитализација на правосудните органи една од клучните активности е целосно дигитализирање на јавните обвинителства во РСМ, со посебен акцент функционирање на системот за движење и управување на предметите во јавните обвинителства (Case Management), користењето на опремата и функционалноста на **Femida True Records** системот, како и потребата од итно креирање на софтвер за автоматска

распределба на предметите во јавните обвинителства. Од досегашните активности кои што беа преземени од страна на Советот за ИКТ се констатира дека во поголемиот дел на јавни обвинителства во РСМ, не е инсталирана опремата односно не е функционална, во еден дел воопшто не се применува и употребува системот за управување и движење со предметите ниту пак се користи Фемида системот. Поради тоа, Советот за ИКТ се обрати до локалните компании кои што ги одржуваат овие два система и тоа: Компанијата Сага која што е надлежна за системот за управување и движење со предметите и компанијата ИЦС Консалтинг инженеринг и двете од Скопје, задолжени за одржување на Femida системот. Добиена е информација дека истите квартално и полугодишно вршат посета на Јавните обвинителства со цел да ја констатираат состојбата со системите, за што составуваат и записници од лице место. Исто така, овие компании за своите активности на годишно ниво од страна на Буџетот на Јавното обвинителство им се исплаќа и соодветен надоместок за одржливост. Меѓутоа и покрај долгиот временски период за жал во поголемиот дел од јавните обвинителствата опремата не е ставена во функција, не се применува и не се користи системот за управување и движење на предметите и системот Femida. Јавното обвинителство и како државен орган и како странка во постапката е исклучително важен орган во процесот на дигитализацијата и процесот на интероперабилноста кои што процеси не може да се имплементираат доколку задолжително не биде целосно ставен во функција системот за управување и движење на предметите во ЈО, што значи електронско евидентирање и движење на сите списи од предметите во Јавните обвинителства, а исто така, оваа нефункционалност всушност целосно го кочи процесот на интероперабилноста и размената на податоците и информациите со државните органи и институции особено со судовите од каде што за секој предмет јавното обвинителство при поднесување на обвинението доставува доказ од Казнената евиденција за осудените лица, што во овој момент се обезбедуваат физички, поради што непотребно се трошат ресурси како на судовите така и на Јавното обвинителство наместо преку креирање на ВЕБ сервисот овие податоци и информации да се добиваат преку електронски пат. Со оглед на тоа што, се уште постои „отпор„ од страна на Јавните обвинителства Советот за ИКТ донесе заклучок со барање да се обрати до Министерството за правда, со цел да биде доставен допис до сите Јавни обвинителства и да биде дадена наредба за задолжително ставање во функција на системот за управување и движење на предмети и Фемида системот почнувајќи од 01.01.2023 година, како и задолжително користење на ВЕБ сервисите за добивање на податоци од КЕ на Јавните обвинителства.

3. Со оглед на потребата и значењето на процесот на интероперабилност и креирање на веб сервиси, членовите на советот на ИКТ разменија информации во врска со активностите на овој процес. Членот на Советот на ИКТ Лорета Ѓоргиева достави е - меил со податоци за текот на постапката за склучување на

договорите за интероперабилност со ПИОМ, АВРСМ и ФЗО. Членот на Советот - Катерина Мишковска информираше дека договорот со ДКСК е финализиран, а од страна на УЈП доставени се дополнителни барања кои ќе бидат споделени со сите членови на Советот. Михајло Војтикив информираше дека потребно е да направи до конфигурација на сервисите и да се дефинира администратор во Основниот кривичен суд кој би го одобрувал пристапот до веб сервисите кои се поставени.

4. Во врска со преземените активности и ставањето во функција на судницата во Идризово членовите на советот на ИКТ од страна на претседателот се известени дека сите активности околу ставањето во функција на судницата во Идризово се завршени и свеченото пуштање во употреба е закажано на 30.11 2022 година во 11:00 часот, а првото судење е закажано на 14.12.2022 година. И, покрај сите отпори кои во текот на подготовката се јавија и тоа како од инсталирањето на опремата и партнерното?? уредување до обезбедување на интернет конекцијата и воведувањето на АКМИС-от успешно беа надминати, тестирана е опремата и судницата е подготвена за реални судења. Во текот на целиот овој процес беа остварувани интензивни контакти со изведувачите и подизведувачите и убедувањата за потребата од завршување на работите во судницата поради што неопходно беше потребно на дневна основа да бидат остварувани десетици телефонски контакти и секој втор ден на лице место да се врши увид за текот на активностите поради што за временски период од месец дена од страна на претседателот на советот на ИКТ 15 пати на лице место беше остварен увид за текот на активностите и увид во работата од изведувачите.

Ѓ. На осумнаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 20.12.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Осумнаесеттата седница беше наменски свикана и се одржа во просториите на Јавното обвинителство со цел да се разговара за состојбата со ИКТ во Јавните обвинителства, состојбата со системот за управување и движење на предметите и Фемида системот. На седницата се разговараше за потребата за дигитализација во судството и јавното обвинителство а беше презентиран и Оперативниот план за дигитализација усвоен од Владата а РСМ во 2021 година. Поради исклучителното значење што процесот на дигитализација го има за правосудниот систем на седницата беше поканет и присуствуваше министерот за правда проф. д-р Никола Тупанчески кој ги поздрави присутните и истовремено имаше свое обраќање за целокупниот процес на дигитализација и дигитална трансформација во јавното обвинителство. На седницата Јавните обвинители со членовите на Советот за ИКТ и Министерот за правда разговараа за процесот на дигитализација и дигитална

трансформација, за оперативноста и функционалноста на хардверската и серверската опрема во јавните обвинителства, за функционалноста на системот за управување и движење на предметите, за функционалноста на Фемида системот, за потребата од креирање на софтверски решенија за автоматска дистрибуција на предметите, за одржливоста на ИКТ во јавните обвинителства, унапредувањето и капацитетите на човечките ресурси поврзани со ИКТ, за недостатоците, слабостите, проблемите и предизвиците и неопходноста за дигитална трансформација на процесите во јавното обвинителство при што беа донесени следните **заклучоци**:

Јавните обвинители ја изразуваат подготвеноста и целосно се посветени за унапредување на процесите на дигитизација, дигитализација и дигитална трансформација,

- Од 01.01.2023 година задолжително евидентирање, движење и управување со предметите во Јавните обвинителства преку **Case management system,**
- Да се обезбеди Интернет конекција со висок квалитет,
- Заклучно со 31.01.2023 година задолжително ставање во функција на хардверската опрема во сите јавни обвинителства,
- Заклучно со 01.06.02023 година да се изработи софтвер за автоматска дистрибуција на предметите во јавните обвинителства,
- Ставање во функција и користење на Фемида системот во сите случаи кога тоа е неопходно,
- Унапредување на капацитетите на човечките ресурси,
- Обезбедување на одржливост на ИКТ,
- Унапредување на процесот на интероперабилност преку Националната платформа,
- Воспоставување на двонасочна електронска комуникација со судовите преку систем e-delivery,
- Креирање на електронско досие на предметите,
- Поврзување на мобилната апликација за пристап до АКМИС-от.
- Од 01.01.2023 година користење на веб сервисот за казнена евиденција,
- Развивање, унапредување и надградба на хардверската, серверската и софтверската опрема во сите јавни обвинителства.
- Континуирана едукација на ЈО за користење на ИТ.
- Да се извести Владата на РСМ за потребата за обезбедување на финансиски средства за унапредување на дигитализацијата и дигиталната трансформација во ЈО.

## *2.Активности*

Во извештајниот период членовите на советот на ИКТ интензивно продолжија со активностите за оспособување на **интероперабилноста и размената на податоците помеѓу судовите и државните органи** и институции преку воведување на однапред дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците, а

со цел воспоставување на непречен проток на информации и обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите.

По успешно инсталиранатa опрема со поддршка на Канцеларијата на ОБСЕ, во петте судници во Основните судови - Струмица, Штип и Кавадарци, Скопје 1 и Скопје 2, во месец Ноември 2022 година беше официјално пуштена во употреба судницата во кривичниот суд во Скопје за што беше организиран и промотивен настан на кој Министерот за правда проф.д-р Никола Тупанчекси и амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ официјално ја отворија судницата во присуство на медиумите. Со овој настан официјално заврши проектот.

Исто така на ден 30.11.2022 година, по интензивните активности и огромен број на преземени дејствија и извршено тестирање, во присуство на огромен број на гости од правосудството, како и претставници од меѓународните организации и медиумите беше пуштена во функција судницата во Идризово, како еден од исклучително важните објекти за правосудството, кој ќе овозможи создавање на услови за судења на предмети од висок ризик, обезбедувајќи ги притоа сите неопходни услови за судење и на најтешките случаи од областа на организираниот криминал и корупција. Оваа судница е модел како треба да изгледаат сите судници во нашата држава.

Првото судење во судницата беше одржано на ден 14.12.2022 година од страна на основниот кривичен суд во Скопје со што судницата и официјално почна да функционира со целата нејзина расположлива опрема.

Во рамки на поддршката од страна на амбасадата на САД, продолжија активностите за разгледување на финалниот извештај од страна на ИКТ Советот, за финализирање на поддршката околу опремување на судниците со ИТ опрема. Притоа, при дискусиите на ИКТ Советот се напомена дека од вкупно 186 судници, моментално само 78 судници се целосно подготвени за инсталирање на техничката опрема, додека кај останатите потребно е да биде извршена градежна интервенција и набавка на инвентар за да може да биде инсталирана опремата. Во наредниот период ќе се работи и на надминување на оваа востановена состојба, како би можеле да се опремат сите предвидени судници во земјата.

Во извештајниот период на големо задоволство се констатира дека серверската опрема за судовите за што од страна на Владата беа обезбедени 90.000.000,00 мкд, целосно е инсталирана и е ставена во функција и истата е функционална.

Целиот овој процес е од исклучително важно значење на дигитализација на правосудството.

По успешното дигитализирање на услугата за физички лица, се стави во функција и **услугата за електронско издавање на уверенија од казнената евиденција за правните лица**, која истата е веќе достапна на националниот портал uslugi.gov.mk, и успешно работи, се работи на процесот на дигитализирање на услугата за издавање на уверенија од кривичната евиденција за физичките и правните лица. Но за жал овој процес сеуште не е завршен поради необјасниви причини е непостапување на Основниот Кривичен суд во Скопје кој е контакт точка за интероперабилност и непреземање на активности од нивна страна, за што се наметнува потребата од

редефинирање на статусот на вклучување и конектирање на секој суд поединечно на платформата за интероперабилност.

Исто така и во овој период се продолжи со активности на процесот на **дигитализација и издавање на електронски судски наредби за спроведување посебни истражни мерки – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации**, во соработка со Оперативно техничката агенција. Во овој процес, ИКТ Советот и ОТА ги утврдија судовите (вкупно 6 - Основен кривичен суд Скопје, ОС Кавадарци, ОС Струмица, ОС Гостивар, ОС Битола и ОС Куманово) и обвинителствата (вкупно 7 - ОЈО Скопје, ОЈО Кавадарци, ОЈО Струмица, ОЈО Гостивар, ОЈО Битола и ОЈО Куманово) каде ќе биде инсталирана опремата. Понатаму, ќе бидат вклучени и останатите судови и јавни обвинителства.

Во рамки на овој процес, во извештајниот период се подготви план за одржување на обуки за судиите, обвинителите и стручните лица во судовите и јавните обвинителства.

Во извештајниот периодот Советот за ИКТ имаше реализирано студиска посета во Осло Норвешка, со цел запознавање со процесите на дигитализација и функционалност на нивниот информатички систем во правосудството.

## *2.1 Јавност /работилници*

Во текот на месеците Октомври и Ноември 2022 година, беше организиран промотивен настан во ОС Скопје, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ и со кој се одбележа завршувањето на проектот за опремување на петте судници со ИТ опрема.

Исто така, на 30.11.2022 година се организира јавен настан за пуштање во потреба на судницата во Идризово.

ИКТ Советот започна активности во насока на организирање на Самитот за дигитализација во месец Јуни 2023 година.

## 2.2.Соработка со други тела и произнесување

Како резултат на големата проактивност на членовите на Советот и зголемената видливост, во извештајниот период беа добиени повеќе барања за мислења по закони и разни предлози за соработка од страна на повеќе институции, по кои редовно се дискутираше и заземаше став.

- ИКТ Советот соработуваше со службите во Министерството за правда за воведување на нови решенија за автоматско собирање на податоци во АКМИС-от за потребите на министерството и тоа за да се овозможи електронско

прибирање на податоци врз основа на кои на годишно ниво ќе може да се изготвуваат анализи за повеќе форми на насилство.

- Разгледани се предлог насоките за подготовка на предлози на закони заради дигитализација, при што до сите државни органи и институции ќе бидат доставени до секоја работна група насоки со цел да бидат разгледани и инкорпорирани соодветно во секој закон посебно, согласно потребите и видот на материјата која се регулира.

- Разгледани се препораките од кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, при што советот утврди дека наведените процеси веќе се во тек.

- Исто така Советот за ИКТ соработуваше и со ДЗС во однос на ажурирањето на податоците во обрасците на ДЗС, а кои се однесуваат на Законот за правда на децата, со напомена дека истовремено ќе биде изготвен посебен образец за деца жртви.

**Совет за координирање на**
**информатичко-комуникациска технологија**
**во правосудните органи**
**Претседател,**
**проф.д-р Лазар Нанев**

---------------------------------------------

*Прилог:*

- *Записници од одржаните седници на Советот за ИКТ,*
- *Одлуки,*
- *Извештаи,*
- *Барања,*
- *Известувања.*